Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

RESIS ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

Референтен број на проектот: NDICI-THE-NEAR/2024/461-011
Наслов на проектот: "*Медиуми на заедницата за граѓански ангажман: трансформирање на општествените барања во општествена акција*"

# <u>ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ</u>

## за избор на новинари кои можат да бидат ангажирани во медиумите на заедницата Локал Актив Исток и Локал Актив Вардар

### За проектот

Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС, почнувајќи од 01.01.2025 година, го спроведува проектот „*Медиуми на заедницата за граѓански ангажман: трансформирање на општествените барања во општествена акција*", кој му е доделен како грант од програмата: EuropeAid/180645 – North Macedonia: Thematic Programme on Human Rights and Democracy 2023-2024.

Проектот се стреми кон тоа да ги трансформира локалните општествени барања во политички релевантна општествена акција, преку ревитализација на јавната сфера на локалните заедници. Идејата за дизајнирање на овој проект се темели врз претпоставката дека едно вистинско демократско уредување директно зависи од развојот на отворен, плуралистички и децентрализиран медиумски систем – систем кој почива врз хетерогеност и кој стимулира учество и целесообразно дејствување на различни поединци и општествени групи, особено на локално ниво. Отсуството на плурализам и разновидност беше структурен недостаток на медиумскиот систем на Северна Македонија, кој со години ја попречуваше севкупната демократска консолидација на земјата. Со цел да развие сеопфатен и стратешки одговор за надминување на овој проблем, во изминатите четири години Институтот РЕСИС ја разви иницијативата Локал Актив која е составен дел и на овој Проект. Одговорот на РЕСИС на идентификуваните ранливости во медиумскиот систем, се состои од структурирање на секторот на медиумите на заедницата, кое: (***прво***) ги поврзува локалните новинари со локалните граѓански организации и нивните активисти, во заеднички напор да ги изнесат локалните проблеми во јавната сфера; (***второ***) ги мотивира граѓаните да се ангажираат за прашањата од јавен интерес, обезбедувајќи нивно одржливо учество и вклученост во решавањето на проблемите на заедницата; (***трето***) ги поттикнува локалните и националните власти да се вклучат во вистинско и одржливо задоволување на барањата на заедниците.

### Општа и посебни цели на проектот

<u>Општата цел</u> на Проектот е да се поттикнат нови партиципативни иницијативи за јакнење на демократските слободи, човековите права и владеењето на правото, преку зајакнување на локалните заедници да учествуваат во јавната сфера и да влијаат врз јавните политики на локално и државно ниво.

<u>Посебните цели</u> на овој проект се: (1) да се зајакне капацитетот на новите медиуми на заедницата во Северна Македонија за нивно ангажирање во аналитичко и истражувачко новинарство на заедницата во промоција на човековите права, животната средина и социјалната правда, (2) да се консолидира моќта на медиумите на заедницата во поддршката на активистите на локалните граѓански организации да го прошират и продлабочат нивниот притисок за задоволување на локалните граѓански барања.

**Активности поврзани со новинарите – членови на редакцијата на ЛА Исток и ЛА Вардар**

Во рамки на Работниот пакет 1 на проектот предвидено е да бидат избрани повеќе локални новинари од Источниот, Југоисточниот и Вардарскиот регион кои ќе бидат дел од редакциите на медиумите на заедницата Локал Актив Исток и Локал Актив Вардар, ќе изработуваат аналитички стории и вести што ќе се објавуваат на платформите. Дополнително во рамки на Работниот пакет 2 предвидено е да бидат спроведени три циклуси обуки чија цел е јакнење на партиципативниот капацитет на локалните заедници и нивното знаење за: (а) вештините на пишување новинарски аналитички приказни, (б) вештините за дизајнирање планови за застапување и спроведување добро осмислени агенди на дејствување за решавање на локалните проблеми, и (в) улогата и демократските придобивки од медиумите на заедницата. Конечно, во рамки на Работниот пакет 3, предвидено е да бидат спроведени застапувачки активности од локални граѓански организации – во чии рамки ќе бидат спроведени дополнителни пет новинарски истражувања .

**Конкретни можности за новинарите кои ќе бидат избрани на овој повик**

Локалните новинари кои ќе бидат избрани на овој повик, ќе бидат вклучени во работната листа на новинари на Локал Актив Исток и Локал Актив Вардар, од која потоа ќе може:

- да бидат регрутирани да работат на продукција на сториите и вестите за платформите Локал Актив Исток и Локал Актив Вардар,
- да учествуваат на обуките за членови на медиумите на заедницата предвидени со проектот,
- да бидат ангажирани од локалните граѓански организации во рамки на шемата на суб-грантирање.

Обврските на секој новинар ќе зависат од дефинираните задачи за подготовка на секоја сторија, циклус на обуки или застапувачки активности.

**Ориентациска временска рамка**

| **Задача** | **Рок** |
|---|---|
| Учество на три работилници во рамките на проектот | 1 септември – 15 декември 2025 |
| Истражување и пишување стории | 01 септември 2025 – 30 ноември 2026 |
| Пишување вести | 01 септември 2025 – 30 ноември 2026 |

**Услови што треба да ги исполнува новинарот кој аплицира на повикот:**

- да има најмалку 5 годишно работно искуство како независен новинар или пак како новинар дел од редакција,
- своето професионално искуство да го стекнал работејќи на теми поврзани со некој од градовите или населените места во Источниот, Југоисточниот и Вардарскиот регион,
- Во својата биографија, според одлуките на само-регулаторното тело СЕММ, да нема историја на големи прекршувања на професионалните стандарди дефинирани во Кодексот на новинарите на Македонија.

**Документи што треба да ги приложат апликаните**

- Писмо (меил) дека е заинтересиран(а) да ја врши услугата
- Биографија (со избор од 10 репрезентативни текстови на теми од Источниот, Југоисточниот и Вардарски регион)
- Доказ дека е граѓанин/граѓанка на РСМ (копија од пасош)

**Договор**

За серијата активности кои ќе бидат спроведени од секој новинар – член на работната листа на Локал Актив Исток и Локал Актив Вардар ќе биде склучен посебен договор во кој ќе бидат дефинирани условите на работа и финансискиот надоместок.